Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, врз основа на член 132, ст.2 од Законот за високото образование и член 32, ст. 1 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, на својата седница одржана на 18. 4. 2011 год. донесе Одлука (2402-47/12) со која се формира Рецензентска комисија за да изработи и да поднесе писмен реферат за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент*** во научната област ***македонистика*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, во следниов состав:

– проф. д-р Снежана Веновска-Антевска, редовен професор и научен советник (претседател),
– доц. д-р Толе Белчев, доцент (член),
– доц. д-р Јованка Денкова, доцент (член).

По разгледувањето на доставените резултати, имајќи ги предвид Законот за високото образование и актите на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, Рецензентската комисија го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На огласот, објавен на 4.4.2011 год. во дневниот весник „Дневник“, за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент во научната област *македонистика* се пријавија четворица кандидати: Силвана Костадинова-Спасова, Васка Ташкова, Марија Соколова и Игор Станојоски.

Рецензентската комисија, во согласност со член 132, ст.5 од ЗВО и член 38, ст. 1 од Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатите ги доставиле пријавите со потребните документи во рокот утврден во Конкурсот.

Рецензентската комисија детално ги разгледа пријавите, ги проучи материјалите на кандидатите и ја согледа следнава состојба.

Кандидатката **Силвана Костадинова-Спасова** е родена на 27 ноември 1972 во Кочани. На 15 февруари 2002 год. завршува високо образование (VII/I степен) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици. Во 2009/2010 год. се запишува на постдипломските студии по македонска книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што ги положува испитите, а одбраната на магистерскиот труд е во процедура. Работи како наставник и како професор по македонски јазик (2006-2008 г. во ОУ „Димитар Влахов“, Штип; 2008-2009 г. во СОУ „Коле Нехтенин“, Штип; 2009 г. - ОУ „Ванчо Прке“, Штип). Има познавање од англиски и руски јазик, исто така поседува вештина за работа со компјутер.

Кандидатката **м-р Васка Ташкова** е родена на 24 март 1980 год. во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип. Во 1999 год. се запишува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици. Дипломира во 2004 год., а во 2005 год. се запишува на постдипломски студии од научната област македонски јазик. Испитите ги положува во предвидениот рок, а во 2008 работи на магистерскиот труд со наслов „*Лексички особености во прозата на Петре М. Андреевски*“, а на 7 април 2011 година го

одбранува наведениот труд. Од јуни 2009 год. учествува во работата на проектот „Речник на синоними на македонскиот стандарден јазик“ во Институтот за македонски јазик. Има познавање на рускиот јазик.

Кандидатката **м-р Марија Соколова** е родена 28 февруари 1980 год. во Кочани. Основно и средно образование завршува во Кочани, со одличен успех и како учесник на различни државни натпревари е наградувана неколку пати. Во 1999 год. се запишува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонски јазик и јужнословенски јазици и книжевност. Дипломира во 2004 год., а во 2005 год. се запишува на постдипломските студии од научната област македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Испитите ги положува во предвидениот рок (просек 9,60), а во 2010 година го одбранува магистерскиот труд „*Културата на писменото изразување на учениците во основното образование*“. Кандидатката го положува државниот испит за лектор по македонски јазик и се јавува како лектор во десетина трудови (книги, весникот „Булевар“, списанието „Комплетна“ и др.)

Има работно искуство во високообразовни установи од 2005 год. како:
- професор по македонски јазик во ПСУ „Јахја Кемал“- Скопје;
- професор по македонски јазик во ПСУ „САБА“- Скопје;
- демонстратор по предметите Современ македонски јазик 1 и Современ македонски јазик 2 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје;
- предавач по предметот Македонски јазик за странци при Институтот за јазици на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Почнувајќи од 2003 год. е активна учесничка на курсеви и на семинари во државата и надвор од неа: практична настава по дијалектологија (Крива Паланка, 2003); учесник на Петти научен собир на млади македонисти (2006, Скопје); учесник на Семинарот за изучување на лужичко-српскиот јазик во Бауцен – Германија (2008); учесник на Шести научен собир на млади македонисти (2008, Скопје); учесник на Седми научен собир на млади македонисти (2010, Скопје); надворешен соработник на проектот Дигитализација на Картотеката на македонските глаголи во Институтот за македонски јазик (2011).

Се јавува како автор на наредниве трудови:
- Стразбуршката лекција за Грција и за Бугарија, Литературен збор, бр. 1-3 , 2006 Скопје.
- Содржинско-јазична анализа на учебниците по македонски јазик како немајчин за реформираното гимназиско образование, Зборник: Петти научен собир на млади македонисти, 2008, Скопје.
- Содржините по морфологија во наставните програми по предметот Македонски јазик во основното образование (предметна настава), Зборник: Шести научен собир на млади македонисти, 2009, Скопје.
- Јазичната структура на СМС-пораките, Зборник: Седми научен собир на млади македонисти, 2010, Скопје.
- Улогата на наставниците во градењето култура на писменото изразување на учениците во средното образование, Литературен збор, 4-6, 2010.

Има солидно познавање од англиски и руски јазик, ги владее и албанскиот и грчкиот јазик. Има познавање од работа со компјутери. Во работата со студентите од Филолошкиот факултет на Униуверзитетот „Гоце Делчев“ се истакнува со своите комуникативни способности, дисциплинирано и совесно извршување на зададените задачи. Во фаза е пријавувањето на нејзиниот докторски труд од областа на современиот македонски јазик.

Кандидатот **Игор Станојоски** е роден на 23 мај 1979 год. во Копенхаген (Данска). Средно образование завршува во Скопје. Студира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонски јазик и со општа и компаративна книжевност како втор предмет (1998-2002 г.). Во 2003 год. се запишува на постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на групата Македонски јазик. Во документите не е доставен одбранет магистерски труд од наведените студии. Има нострифицирана диплома од одбранет докторски труд на Шлескиот универзитет во Катовице (Полска): „*Проблемот*

*на интерференциите при изучувањето на македонскиот јазик во Полска и Украина*" (20 јули 2009 г.). Објавува два труда (учебно помагало по македонски јазик за Украинци и тезата одбранета во Полска). Се јавува како автор на статии од областа на културологијата (6 статии). Има познавање на наредниве јазици: англиски, руски, украински, полски, чешки, словенечки. Работел како лектор по македонски јазик во странство. Наведува дека се истакнува како преведувач и дека работел и работи како лектор. Покрај наведените квалитети, Комисијата нема податок дека е одбранет магистерски труд од областа на македонистиката на запишаните магистерски студии во Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложените материјали, имајќи ги предвид сите доставени и образложени активности во областа на наставата и научниот ангажман на пријавените кандидати, Рецензентската комисија ја предлага **м-р Марија Соколова** за избор во звањето помлад асистент во научната област *македонистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, приложувајќи го наредното објаснување.

Кандидатката располага со наставно искуство како предавач во високообразовни установи од највисок ранг во Република Македонија (демонстратор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје; предавач по предметот Македонски јазик за странци при Институтот за јазици на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип).

Кандидатката ги докажала своите афинитети кон поврзување на практиката со теоријата во областа на методиката на наставата по македонски јазик во сите степени на образование.

Кандидатката располага со широки познавања од областа на македонистиката и со дисциплина и желба за активно вклучување во научноистражувачка работа.

Врз основа на сето погоре изложено, со задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип **да ја прифати оваа рецензија и да ја избере м-р Марија Соколова во звањето помлад асистент во научната област *македонистика***.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Снежана Веновска-Антевска, с.р.**
**Д-р Толе Белчев, с.р.**
**Д-р Јованка Денкова, с.р.**